# SMART Technologies ULC
# Договор за лиценца за софтвер со крајни корисници за софтвер SMART Notebook 10 и соодветниот софтвер SMART

**Последен пат ревидирано: 08 декември 2010 година**

Ве молиме, внимателно прочитајте го овој договор за лиценца за софтвер со крајни корисници (Лиценца) пред да започнете да го користите софтверот. Со користењето на софтверот, се обврзувате на условите што произлегуваат од оваа лиценца. Ако не се согласувате со условите од оваа лиценца, не користете го софтверот.

**1. ДЕФИНИЦИИ:**

**1.1** **„Компјутер“** значи персонален компјутер (било лаптоп или десктоп), без разлика кој оперативен систем се користи. Компјутерот може да биде на допир или опремен со пенкало, доколку компјутерот е наменет за индивидуална употреба, а не за интеракција со повеќе лица истовремено и доколку ваквиот компјутер не е прикачен или поврзан (вклучувајќи безжична конекција) за ограничен производ. Компјутер што е прикачен или поврзан за ограничен производ претставува и се смета за ограничен производ.

**1.2** **„Документација“** значи сопствените прирачници и документите со инструкции на SMART Technologies ULC (SMART) во врска со софтверот, во печатена или електронска форма

**1.3** **„Краен корисник“ (** или алтернативно „вие“) значи организацијата којашто поседува лиценца и соодветно, сите вработени лица (вклучувајќи, без ограничување, наставници и обучувачи), консултанти, ученици и други заинтересирани членови на таа локација коишто го користат софтверот.

**1.4** **„Лиценциран производ“** значи секој соодветен важечки SMART-производ што е вклучен во цената или е испорачан со соодветна примена на софтверот, како и да е, во случај на софтверот SMART Notebook, лиценцираните производи се ограничени на: (a) интерактивната бела табла SMART Board™, (b) системот за интерактивен одговор SMART Response™, (c) интерактивниот екран со пенкало SMART Podium™, (d) камерата за документ SMART, и/или (e) интерактивниот екран SMART, во зависност од случајот и (f) други такви SMART-производи коишто SMART одвреме навреме ги воведува на пазарот и ги прикажува како лиценциран производ.

**1.5** **„Организација којашто поседува лиценца“** значи правно лице (или физичко лице, доколку е стекната посебно) коешто се стекнало со лиценциран производ и со оваа лиценца во свое име и соодветно, во име на нејзините крајни корисници.

**1.6** **„Ограничен производ“** значи (a) секоја интерактивна табла, дигитален уред, молив, екран или проектор со табла на допир или пенкало коишто не се лиценцирани производи и (b) во случај на софтверот SMART Notebook издание за ученици, производи наведени погоре во потстав (a) доколку се користат само за лични цели и (c) секој набавен SMART-производ којшто не е лиценциран производ. Исклучок, дигитални уреди коишто не се активираат со допир или со пенкало (како на пример табла за молив, која не е интерактивна табла со молив на SMART) може да се користат со софтверот само кога се прикачени или поврзани на (вклучувајќи и безжичен) лиценциран производ, и ваквата комбинација претставува дозволено користење на софтверот. Друг исклучок е што софтверот може да се користи со табла за молив SMART, без разлика дали таблата за молив SMART е поврзана или прикачена за лиценциран производ, доколку најмалку еден лиценциран производ е нарачан за локацијата.

**1.7** **„Локација“** значи една организација којашто поседува лиценца и сите компјутери за коишто се грижат и со коишто работат учениците, вработените лица, консултантите и другите заинтересирани членови на организацијата којашто поседува лиценца (сè додека се тие

ученици, вработени лица, консултанти или други заинтересирани членови на организацијата којашто поседува лиценца), коишто се користат за примарни цели на активности поврзани со организацијата којашто поседува лиценца; за појаснување, вработени лица, ученици и консултанти на организацијата којашто поседува лиценца вклучува вработени лица, ученици и консултанти од областа на училишниот одбор којшто ја следи работата на организацијата којашто поседува лиценца или посебните училишта во рамките на организацијата којашто поседува лиценца, соодветно.

**1.8** **„Систем за интерактивен одговор SMART Response“** се однесува и на софтверот SMART Response и на уредите за испраќање одговор коишто ги користат учениците (на пример, софтвер за оценување SMART Response со рачни уреди за одговарање или со далечински управувач или софтвер што го користат компјутерите на учениците за доставување одговор).

**1.9** **„Софтвер“** значи секој, и генерално сите, од следните сопствени набавени софтвери и фирмвери на SMART, соодветно: софтвер SMART Notebook, софтвер SMART Notebook™ издание за ученици, софтвер за оценување SMART Response, софтвер SMART Notebook Math Tools коишто се состојат од компјутерски програм(и) во форма на објектен код (вклучувајќи некои или сите надградби, верзии, бази на податоци и засилувања) испорачани на крајниот корисник и сите негови копии во согласност со оваа лиценца. Софверот исто така, го вклучува и секој софтвер на трето лице и документацијата доставена до крајниот корисник од страна на SMART. Софтверот може да биде содржан или да биде инсталиран на лиценцирани производи, може да се преземе од интернет-страницата на SMART или на ЦД набавено од SMART или да биде инсталиран на УСБ набавено од SMART.

**1.10** **„Компјутери за ученици“** значи одреден број лиценцирани компјутери за ученици во рамките на локацијата (на пр. бројот на лиценци за употреба од страна на ученици нарачани од страна на организацијата којашто поседува лиценца).

**1.11** **„Користење“ или „користен“** значи директно или индиректно инсталирање, вчитување, извршување, пристапување, искористување, употребување, зачувување или прикажување на софтверот.

## 2. ЛИЦЕНЦА:

**2.1** **Општо.** Оваа лиценца претставува правен договор меѓу крајниот корисник (без разлика дали е физичко лице или организација којашто поседува лиценца) и SMART Technologies ULC во врска со користењето на софтверот. Доколку системите на организацијата којашто поседува лиценца или техничкиот администратор, или друг претставник, ги прифатат овие услови во име на сите крајни корисници на таа организација којашто ја поседува лиценцата, организацијата којашто ја поседува лиценцата гарантира дека условите од оваа лиценца се јасни и дека секој краен корисник ги почитува. Софтверот е заштитен со законите за авторски права и меѓународните спогодби за авторски права, како и други закони и спогодби во врска со заштитата на интелектуалната сопственост. Правата што се доделуваат со оваа лиценца се ограничени на правата на интелектуална сопственост на софтверот на SMART и неговите издавачи на лиценци и не вклучуваат никакви други патенти или права од интелектуална сопственост. Софтверот се лиценцира, не се продава и подлежи на условите и ограничувањата на оваа лиценца. Ако SMART го испорача софтверот до крајниот корисник на ЦД, ДВД, УСБ или друг вид на физички медиум, организацијата којашто има лиценца или (ако е соодветно) крајниот корисник е сопственик на медиумот на којшто е сниман софтверот, но SMART и/или издавач(ите) на лиценци на SMART го задржуваат правото на сопственост на самиот софтвер. Условите од оваа лиценца ги регулираат сите софтверски надградби обезбедени од SMART коишто го заменуваат и/или дополнуваат оригиналниот софтвер, освен ако за таквата надградба постои посебна лиценца и во тој случај важат условите на таа лиценца.

**2.2** **Издавање лиценца.** За секоја софтверска апликација којашто е лиценцирана и е платена од страна на организацијата којашто има лиценца, SMART издава, а крајниот корисник прифаќа

лиценца без право на ексклузивитет и преносливост за користење на софтверот, под следните услови:

(a) За **софтвер SMART Notebook**:
Крајниот корисник може да го користи софтверот:

i) на лиценциран производ и/или на компјутер којшто е приклучен или поврзан (вклучувајќи безжична конекција) за лиценциран производ.

ii) на кој било компјутер што го поседува или управува организацијата којашто поседува лиценца под услов тој компјутер да не биде приклучен или поврзан (вклучувајќи безжична конекција) на ограничен производ и

iii) ако организацијата којашто поседува лиценца има вработени или консултанти на разумен број компјутери коишто може да ги поседуваат лично вработените лица, консултантите, учениците или заинтересираните членови на организацијата којашто поседува лиценца, доколку софтверот се користи за примарни цели на активности во врска со организацијата којашто поседува лиценца и ограничено, доколку делуваат за или се ученици на организацијата којашто поседува лиценца и доколку компјутерот не е приклучен или поврзан (вклучувајќи безжична конекција) за лиценциран производ.

(b) За **софтвер SMART Notebook издание за ученици**:
Заснован на одреден број лиценцирани компјутери за ученици:

i) на еден персонален уред само под услов да не е примарниот уред којшто е приклучен или поврзан (вклучувајќи безжична конекција) на ограничен производ и

ii) ако софтверот SMART Notebook издание за ученици е инсталиран на SMART –УСБ, крајниот корисник може да го користи софтверот на кој било компјутер во локацијата, само под услов компјутерот да не е приклучен или поврзан (вклучувајќи безжична конекција) на ограничен производ.

(c) За **софтвер SMART Response**:
Под услов организацијата којашто поседува лиценца да поседува систем за интерактивен одговор SMART Response (вклучувајќи соодветни рачни уреди за управување), крајниот корисник може да го користи софтверот (i) на разумен број компјутери коишто се во сопственост на и со коишто управува организацијата којашто поседува лиценца; под услов крајниот корисник да не инсталира софтвер на компјутер прикачен или поврзан (вклучувајќи безжична конекција) на ограничен производ; и (ii) на разумен број компјутери коишто лично ги поседуваат вработени лица, консултанти, ученици или други заинтересирани членови во организацијата којашто поседува лиценца, доколку софтверот се користи за примарни цели на активности во врска со организацијата којашто поседува лиценца и ограничено, сè додека тие продолжат да работат во име на, или се ученици на организацијата којашто поседува лиценца и доколку компјутерот не е прикачен или поврзан (вклучувајќи безжична конекција) на ограничен производ.

(d) За **Систем за интерактивен одговор SMART Response CE**:
На организацијата којашто поседува лиценца дополнително и се доделува толкав број на лиценци за SMART Notebook издание за ученици за компјутери за ученици колку што организацијата којашто поседува лиценца набавила, според условите (од став 2.2. (b) погоре). Крајниот корисник може да го пренесе софтверот SMART Notebook издание за ученици од еден на друг компјутер, под услов, пред активирање на следниот компјутер, тој да биде отстранет од првичниот компјутер од којшто се пренесува.

(e) За **Систем за интерактивен одговор SMART Response VE**:
Покрај условите за оваа лиценца за софтверот SMART Response, користењето на SMART Response во VE режим на софтверот подлежи на дополнителни услови за користење, утврдени во условите за користење на интернет-страницата на SMART.

(f) За **софтвер SMART Notebook Math Tools**:
Заснован на одреден број лиценцирани компјутери, секоја лиценца му овозможува на крајниот корисник користење на софтверот на само еден компјутер или друг уред којшто е во сопственост на и со којшто управува крајниот корисник. Крајниот корисник мора да поседува важечка лиценца за софтверот SMART Notebook на дадениот компјутер, а неговото користење подлежи на условите утврдени во став 2.2 (a) погоре. Крајниот корисник мора да ги прифати условите од оваа лиценца за секое инсталирање на софтверот на посебен компјутер или друг уред.

(g) **Пробни верзии**. Во врска со издавање на претходно наведените лиценци: Крајниот корисник може да користи пробна верзија на соодветен софтвер само (i) за временски период наведен во софтверот или на интернет-страницата за преземање на софтверот, а доколку нема одредено датум, помалку од: триесет (30) дена од датумот кога крајниот корисник ја прифатил лиценцата или од кога крајниот корисник го користи софтверот, и (ii) во согласност со издавање лиценца погоре во 2.2. од (a) до (d) вклучувајќи го ваквиот пробен период, вклучувајќи ги ограничувањата во врска со користење на само лиценцирани производи. За ниту еден ограничен производ нема обезбедено пробна верзија за софтверот и крајниот корисник нема право да користи пробна верзија на софтверот на ниту еден ограничен производ. СО КОРИСТЕЊЕ НА ПРОБНАТА ВЕРЗИЈА НА СОФТВЕРОТ, КРАЈНИОТ КОРИСНИК ПОТВРДУВА И СЕ СОГЛАСУВА ДЕКА ПО ОПРЕДЕЛЕН ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ОПРЕДЕЛЕН ВО СОФТВЕРОТ ИЛИ НА ПРИДРУЖНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ НА СОФТВЕРОТ, КОРИСТЕЊЕТО НА ПРОБНАТА ВЕРЗИЈА ПРЕКИНУВА И СОФТВЕРОТ АВТОМАТСКИ МОЖЕ ДА СПРЕЧИ КРАЈНИОТ КОРИСНИК ДА ИМА ПРИСТАП И/ИЛИ ДА ГО КОРИСТИ ПРОБНИОТ СОФТВЕР И КАКВИ БИЛО ПОДАТОЦИ ИЛИ СОДРЖИНИ КОИШТО КРАЈНИОТ КОРИСНИК МОЖЕБИ ГИ ВНЕЛ ВО ОВОЈ СОФТВЕР ОСВЕН, ДОКОЛКУ КРАЈНИОТ КОРИСНИК НА ВРЕМЕ НЕ НАРАЧА ДОЗВОЛА ЗА СООДВЕТНА ЦЕЛОСНА ВЕРЗИЈА НА ТАКВИОТ СОФТВЕР. Сите други услови од оваа лиценца се однесуваат на пробната употреба на софтверот, вклучувајќи ги, без ограничување, ограничувањата утврдени во став 2.3 подолу. На крајот од пробниот период, користењето на софтверот на крајниот корисник завршува. Ако крајниот корисник избере да премине од пробна верзија на софтверот на целосна верзија на софтверот преку набавка на лиценца за отклучување во рамките на самиот софтвер (ако е соодветно) или на друг начин на набавка на лиценца, новата, отклучена верзија на софтверот што ја користи крајниот корисник е во согласност со соодветните услови на оваа лиценца.

**2.3 Други услови на лиценца.** Издавањето лиценца од став 2.2 подлежи на следните, дополнителни услови на лиценца:

(a) **Копии**. Крајниот корисник може да направи една копија од софтверот во формат читлив со компјутер, само со цел креирање на резервна копија, под услов резервната копија да ги содржи сите заштитни марки, авторски права или други заштитени знаци содржани на оригиналниот медиум. Крајниот корисник може да ја копира документацијата само за интерни цели. Крајниот корисник не смее да дистрибуира копии од софтверот или кои било други негови компоненти;

(b) **Задржување на права**. SMART ги задржува сите права коишто не се јасно доделени;

(c) **Користење на ограничени производи**. Физичките лица може да користат SMART Notebook Express (предмет на условите за користење на таа страница) којшто се наоѓа на: express.smarttech.com со кој било уред, вклучувајќи и ограничени производи. Доколку крајниот корисник сака да ги користи софтверите SMART Notebook, SMART Response или SMART Notebook издание за ученици на ограничен производ, крајниот корисник мора од SMART претходно да набави писмена дозвола за користење таков софтвер на ограничен производ (во понатамошниот текст, „Лиценцата за самостоен софтвер Notebook“) од SMART. SMART го задржува правото да не издаде ваква дозвола. Појаснување во врска со софтверот Notebook издание за ученици: крајните корисници што се ученици, можат да

го користат софтверот Notebook издание за ученици на компјутер со табла на допир (под услов, употребата да се ограничи на индивидуални, лични потреби).

(d) Лиценца за самостоен софтвер **Notebook** . Ако SMART одобри лиценца за самостоен софтвер Notebook, крајниот корисник мора да му го(ги) обезбеди на SMART серискиот број на ограничениот(ните) производ(и) со цел да му овозможи на SMART да креира лиценцен клуч којшто крајниот корисник ќе го користи за активирање на лиценцата за самостоен софтвер Notebook Според тоа, лиценцата за самостоен софтвер Notebook не е пренослива и софтверот не може да се користи со друг(и) ограничен(и) производ(и) освен со одреден ограничен производ за којшто крајниот корисник му обезбедил на SMART сериски број за таа лиценца за самостоен софтвер Notebook. Освен на ограничениот производ заведен во SMART, крајниот корисник може лиценцата за самостоен софтвер Notebook да ја користи на (i) еден компјутер којшто е во сопственост на и со којшто управува организацијата којашто поседува лиценца; и (ii) ако организацијата којашто поседува лиценца има вработени лица или консултанти, на еден компјутер којшто може да биде во лична сопственост на вработените лица или консултантите на организацијата којашто поседува лиценца, сè додека се тие вработени или се консултанти во организацијата којашто поседува лиценца и доколку компјутерот се користи само за примарни цели на активности во врска со организацијата којашто поседува лиценца.

(e) **Модификации и подобрувања од страна на крајниот корисник**. Крајниот корисник не смее да го модифицира, подобрува, прилагодува, изменува софтверот, или да креира изведени работи врз основа на софтверот или да го спојува или раздвојува софтверот или некоја негова компонента без претходна писмена согласност од страна на SMART;

(f) **Забрана за реверзибилен инженеринг**. Крајниот корисник не смее да врши реверзибилен инженеринг, реверзибилна компилација, да преведува, декомпилира, демонтира, модифицира, креира изведени работи или на друг начин да се обиде да изведе изворен код од (или основните идеи, алгоритми, структура или организација на) софтверот или која било негова компонента за каква било цел, вклучувајќи и за целите на откривање на кој било аспект на технологијата инкорпорирана во него. Крајниот корисник може да преземе такви активности под услов тие активности да се ограничени на минимален степен потребен за целите на постигнување на меѓуфункционалност на други независно развиени компјутерски програми и само до минимален степен, кога таа активност е јасно и стриктно дозволена со важечкиот закон без да се нарушува претходно наведеното ограничување;

(g) **Пренос**. Освен ако не е јасно дозволено со оваа лиценца, крајниот корисник не смее да изнајмува, дава на лизинг, позајмува или сублиценцира, дистрибуира или да врши снабдување со софтверот или некоја негова компонента на кое било друго лице. Ова ограничување се однесува и на лиценцниот клуч за производот што крајниот корисник го добива или до којшто му е доделен пристап од страна на SMART за инсталирање или активирање на софтверот. Ова ограничување исто така се однесува на објавување на дел на софтверот на јавни интернет-страници;

(h) **Важечки закони**. Крајниот корисник мора да ги почитува сите важечки закони во врска со користењето на софтверот и која било негова компонента;

(i) **Заштитени знаци**. Крајниот корисник мора да ги сочува сите заштитни марки, авторски права и други заштитни знаци на сите копии на софтверот;

(j) **Пристап до програми на трето лице**. Софтверот може да вклучува и/или да биде придружен со софтверски програми и содржини на трети лица (генерално, „Компоненти на трети лица“) за што може да биде потребен посебен договор за лиценца за краен корисник од трето лице, и некои од нив може да ви бидат доставени на увид после првото инсталирање или при понатамошни ажурирања на софтверот. Правата опишани во оваа лиценца не се однесуваат на компонентите на трето лице. Некои од фриверите или компонентите на трети лица од отворен извор се достапни според условите на нивните сопствени лиценци (наведени во табулаторот Интелектуална сопственост во прозорецот

„За"), при што нивните условите може да бидат различни од оние во лиценцата или да има дополнителни услови. Со прифаќањето на оваа лиценца се потврдува прифаќањето на крајниот корисник на ваквиот фривер или условите на лиценцата од отворен извор. Со доставувањето компоненти на трети лица, SMART не поддржува ниту промовира производи или услуги што се обезбедуваат преку трети лица. Исто така, софтверот може да содржи и/или да биде придружен од развојни алатки или услужни програми на SMART коишто исто така може да подлежат на посебни договори за лиценца. Потврдувате дека ваша одговорност е да ги прочитате, прифатите и да ги почитувате условите на сите вакви договори за лиценца на компоненти на трети лица и развојни алатки и услужни програми на SMART;

(k) **Врски до веб-страници на трети лица**. Врски до веб-страници на трети лица се обезбедуваат само за „информативни цели" и SMART не одговара за содржината на веб-страница на трети лица вклучувајќи, но не ограничувајќи се на информациите коишто се однесуваат на кои било производи или услуги, и

(l) **Авторски права на содржината**. Сите права на сопственост и права од интелектуална сопственост во и на содржината којашто може да биде инкорпорирана при користењето на софтвер на SMART или SMART-производи, ги има односниот сопственик на содржината и може да се заштитат со важечките закони за авторски права и други закони и спогодби за интелектуална сопственост. Оваа лиценца не дава никакви права за користење на таа содржина.

**2.4 Правилно користење на софтверот.** Крајниот корисник потврдува дека континуираниот интегритет на софтверот и извршувањето на обврските од страна на SMART, опишани во оваа лиценца, зависат од правилното користење и одржување на софтверот од страна на крајниот корисник. Правилно користење и одржување значи дека крајниот корисник:

(a) ќе ги инсталира сите надградби и верзии коишто SMART ги става на располагање;

(b) ќе го користи софтверот во согласност со документацијата обезбедена од страна на SMART како и условите од оваа лиценца; и

(c) ќе ги следи инструкциите на SMART за инсталирање на нови верзии и за коригирање и избегнување на грешки во софтверот.

## 3. ИСПОРАКА И ИНСТАЛАЦИЈА:

**3.1** Софтверот може да се преземе од интернет-страницата на SMART или од ЦД или да биде инсталиран на УСБ на SMART. Освен ако софтверот не се испорачува со лиценциран производ, софтверот ќе се испорача франко превозник (Инкотермс 2000) од местото на производство на SMART. Крајниот корисник разбира и се согласува дека ќе биде примарно одговорен за инсталацијата на софтверот.

**3.2 Прифаќање.** Крајниот корисник е согласен дека софтверот ќе се смета за испорачан и прифатен по приемот на софтверот и/или лиценцираниот производот, ако е соодветно.

**4. УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА:** За време на редовно работно време, SMART обезбедува техничка поддршка без дополнителни трошоци за сите проблеми во врска со инсталирање, кои настануваат при употреба на софтверот за прв пат. SMART обезбедува секаков вид на техничка поддршка во врска со софтверот, надвор од првична употреба на софтверот („Услуги за поддршка"), по свој избор и истата може да биде наплатена. Крајниот корисник потврдува дека SMART го задржува правото на дополнителна наплата и/или да ги ограничи услугите за поддршка на софтверот што ги обезбедува во согласност со лиценцата за самостоен софтвер Notebook. Услугите за поддршка, доколку ги има, се ограничени на тековната верзија на софтверот и претходната верзија. Користењето на услугите за поддршка, доколку ги има, се регулирани со политиките и програмите на SMART опишани во

документацијата и/или други материјали обезбедени од SMART, коишто SMART ги модифицира од време на време. Секој дополнителен софтвер или фирмвер којшто му е обезбеден на крајниот корисник како дел од услугите за поддршка ќе се смета за дел од софтверот и подлежи на условите од оваа лиценца. Во секој случај, крајниот корисник, а не SMART, сноси одговорност за (i) изборот на софтвер за да ги постигне планираните резултати; и (ii) инсталирањето, употребата и резултатите постигнати со софтверот. Крајниот корисник потврдува дека SMART нема да обезбеди услуги за поддршка за пробна верзија на софтверот.

5. **ЗАМЕНА, МОДИФИКАЦИЈА И НАДГРАДБА НА СОФТВЕРОТ:** SMART го задржува правото да го замени, модифицира или надгради софтверот или некоја негова компонента во кое било време, нудејќи му на крајниот корисник замена или модифицирана верзија на софтверот или некоја негова компонента или таква надградба и да му наплати на крајниот корисник за таквата замена, модификација или надградена верзија. Секој таков заменет или модифициран софтвер или надградба на софтверот или некоја негова компонента, понудена на крајниот корисник од страна на SMART ќе се смета за дел од софтверот и ќе подлежи на условите од оваа лиценца. Ако SMART понуди замена или модифицирана верзија или надградба на софтверот без крајниот корисник да плати за истото, (а) продолженото користење на софтверот од страна на крајниот корисник е условено со прифаќањето на таквата замена или модифицирана верзија или надградба на софтверот и кој било придружен важечки договор за лиценца со краен корисник и (б) во случај на замена, модификација или надградба на софтверот, крајниот корисник прекинува со користењето на сите претходни верзии на софтверот.

6. **РАСКИНУВАЊЕ:** Лиценцата е важечка сè до нејзино прекинување. Крајниот корисник може да ја прекине лиценцата во секое време доколку престане со користење на софтверот и ги уништи сите копии на софтверот коишто се во негова сопственост. Со крајот на пробниот период доаѓа и до автоматско престанување и на крајот од овој период, крајниот корисник мора да прекине со користење на софтверот и да ги уништи сите копии на софтверот коишто се во негова сопственост. Без да се повредат кои било други права, SMART може да ја прекине оваа лиценца по свој сопствен избор ако крајниот корисник не ги исполнува условите од оваа лиценца. Во тој случај, крајниот корисник мора веднаш да престане да го користи софтверот, да ги уништи сите копии од софтверот и сите негови составни делови, да ја врати или уништи целата документација што ја поседува и, на барање, да обезбеди изјава со којашто ќе потврди дека крајниот корисник го исполнил горенаведеното.

7. **ОГРАНИЧУВАЊА ПРИ ИЗВОЗ:** Крајниот корисник се согласува дека нема да го извезува или реизвезува софтверот или некоја негова компонента, или кој било процес или услуга којшто е директен производ на софтверот (претходното генерално се наведува како „Ограничени компоненти“) во која било земја, лице или компанија што подлежат на извозни ограничувања во Канада или САД. Крајниот корисник особено се согласува да не извезува или реизвезува која било од ограничените компоненти (i) во која било земја кон која Канада или САД имаат ставено ембарго или го имаат ограничено извозот на стоки или услуги до кој било жител на таа земја, каде и да е лоциран, (ii) до кое било лице или друштво за кои крајниот корисник знае или има причини да знае дека ќе ги употреби ограничените компоненти во проектирањето, развојот, производството или функционирањето на нуклеарни, хемиски или биолошки оружја, или проектили, или обука во врска со тоа или (iii) до кое било лице или компанија што има забрана за вршење извоз дадена од страна на надележен орган на владата на Канада или на САД. Крајниот корисник изјавува и гарантира дека ниту еден надлежен државен орган во Канада или САД му ги нема суспендирано, одземено или оспорено привилегиите за извоз на крајниот корисник.

8. **ЗА ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА САД:** Софтверот е „комерцијална ставка", како што е тој термин дефиниран во 48 ЦФР 2.101, којшто се состои од „комерцијален компјутерски софтвер“ и „документација за комерцијален компјутерски софтвер“, како што тие термини се користат во 48 ЦФР 12.212 или 48 ЦФР 227.7202, соодветно. Во согласност со 48 ЦФР 12 212 или 48 ЦФР 227.7202-4, соодветно, комерцијалниот компјутерски софтвер и документацијата за комерцијален компјутерски

софтвер се лиценцирани за крајни корисници од државната администрација на САД (а) само како комерцијални ставки; и (б) со само оние права што се доделени на сите други крајни корисници во согласност со условите дадени овде.

9. **БЕЗ ГАРАНЦИЈА:** Ако се покаже дека софтверот е неисправен, SMART може истиот да го замени во рок од деведесет (90) дена од датумот на набавката на лиценцата; во спротивно, крајниот корисник го сноси целосниот трошок за сервисирање, поправки или корекции на софтверот. SMART не гарантира дека софтверот или кој било негов дел работи исто со кој било ограничен производ како што работи со лиценциран производ. СЕКОЕ КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРОТ СЕ ВРШИ „КАКО ШТО Е“ И НА СОПСТВЕН РИЗИК НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК. ДО МАКСИМАЛНИОТ СТЕПЕН ДОЗВОЛЕН СО ВАЖЕЧКИОТ ЗАКОН, SMART И НЕГОВИТЕ НАБАВУВАЧИ СЕ ОДРЕКУВААТ ОД СИТЕ ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ, ИЗРАЗЕНИ ИЛИ ИМПЛИЦИРАНИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ, НО НЕ ОГРАНИЧУВАЈЌИ СЕ НА, ИМПЛИЦИРАНИ ГАРАНЦИИ ЗА МОЖНОСТ ЗА ТРГОВИЈА ШТО ОДГОВАРААТ НА ОДРЕДЕНА ЦЕЛ, ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ И ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ВРСКА СО ЛИЦЕНЦИРАН ПРОИЗВОД, СОФТВЕРОТ ИЛИ КОЈА(КОИ) БИЛО НЕГОВА(И) КОМПОНЕНТА(И), И ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ИЛИ НЕОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА УСЛУГИ НА ПОДДРШКА. SMART НЕ ГАРАНТИРА ДЕКА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА СОФТВЕРОТ Е БЕЗ ПРЕКИНИ ИЛИ ДЕФЕКТИ. SMART НЕ ГО ТЕСТИРА СОФТВЕРОТ НА ОГРАНИЧЕНИ ПРОИЗВОДИ ИЛИ ДРУГИ ПРОИЗВОДИ КОИШТО НЕ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД SMART. КРАЈНИОТ КОРИСНИК СНОСИ ОДГОВОРНОСТ ДЕКА СОФТВЕРОТ НЕМА ЦЕЛОСНО ИЛИ ПРАВИЛНО ДА ФУНКЦИОНИРА КОГА ИСТИОТ СЕ КОРИСТИ СО ОГРАНИЧЕНИ ИЛИ ДРУГИ ПРОИЗВОДИ КОИШТО НЕ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД SMART. ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА МУ ДАВА НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК ПОСЕБНИ ЗАКОНСКИ ПРАВА. КРАЈНИОТ КОРИСНИК МОЖЕ ДА ИМА И ДРУГИ, КОИШТО ВАРИРААТ ВО РАЗЛИЧНИ ЗАКОНОДАВСТВА.

10. **БЕЗ ОБВРСКА ЗА ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ШТЕТИ:** ДО МАКСИМАЛНИОТ СТЕПЕН ДОЗВОЛЕН СО ВАЖЕЧКИОТ ЗАКОН, ВО НИКОЈ СЛУЧАЈ SMART ИЛИ НЕГОВИТЕ НАБАВУВАЧИ ИЛИ ИЗДАВАЧИ НА ЛИЦЕНЦИ НЕМА ДА СНОСАТ ОДГОВОРНОСТ ЗА КАКВИ БИЛО ПОСЕБНИ, СЛУЧАЈНИ, ИНДИРЕКТНИ, ПРИМЕРОЧНИ, ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ИЛИ ГОЛЕМИ ШТЕТИ ОД КАКОВ БИЛО ВИД (ВКЛУЧУВАЈЌИ, БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ, ШТЕТИ ЗА КАКВА БИЛО ПОВРЕДА НА НЕКОЕ ЛИЦЕ ИЛИ ИМОТ, ШТЕТИ ЗА ЗАГУБА НА ДЕЛОВНИ ДОБИВКИ, ДЕЛОВНИ ПРЕКИНИ, ГУБЕЊЕ НА ДЕЛОВНИ ИНФОРМАЦИИ, ГУБЕЊЕ НА ПРИВАТНОСТ, ШТЕТИ ЗА НАБАВКА НА СТОКИ ИЛИ УСЛУГИ КАКО ЗАМЕНА, ШТЕТИ ЗА ГУБЕЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ, ПОДАТОЦИ, ШТЕТИ ЗА НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА КАКВИ БИЛО ДОЛЖНОСТИ ВКЛУЧУВАЈЌИ ДОЛЖНОСТИ ОД ДОБРА ВОЛЈА ИЛИ РАЗУМНА ГРИЖА, ЗА НЕБРЕЖНОСТ ИЛИ КАКВА БИЛО ПАРИЧНА ШТЕТА) ШТО СЕ ЈАВУВА ОД КОРИСТЕЊЕТО НА ИЛИ НЕМОЖНОСТА ДА СЕ КОРИСТИ ЛИЦЕНЦИРАНИОТ ПРОИЗВОД ИЛИ ДРУГ SMART-ПРОИЗВОД, СОФТВЕРОТ ИЛИ КОЈА БИЛО НЕГОВА КОМПОНЕНТА ИЛИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИЛИ НЕОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ПОДДРШКА, БИЛО ЗАСНОВАНИ НА ДОГОВОР, КРИВИЧНО ДЕЛО, НЕБРЕЖНОСТ, ЦВРСТА ОБВРСКА ИЛИ ДРУГО, ДУРИ И ВО СЛУЧАЈ SMART ИЛИ КОЈ БИЛО ОД НЕГОВИТЕ НАБАВУВАЧИ ИЛИ ИЗДАВАЧИ НА ЛИЦЕНЦИ ДА СЕ ПРЕДУПРЕДЕНИ ВО ВРСКА СО ВЕРОЈАТНОСТА ОД ПОЈАВА НА ТАКВИ ШТЕТИ. ПОРАДИ ТОА ШТО НЕКОИ ЗАКОНОДАВСТВА НЕ ДОЗВОЛУВААТ ИСКЛУЧУВАЊЕ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА, ГОРЕНАВЕДЕНОТО ОГРАНИЧУВАЊЕ МОЖЕ ДА НЕ СЕ ОДНЕСУВА НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК.

11. **ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА:** ВО СЕКОЈ СЛУЧАЈ, ЦЕЛОСНАТА ОДГОВОРНОСТ НА SMART И ЕКСЛУЗИВНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК СОГЛАСНО ОВАА ЛИЦЕНЦА НЕ НАДМИНУВА ДЕСЕТ ДОЛАРИ (10.00 КАНАДСКИ ДОЛАРИ).

12. **НАБАВУВАЧИ И ИЗДАВАЧИ НА ЛИЦЕНЦИ НА SMART:** КОЈА БИЛО ВЕРЗИЈА, ОДРЕКУВАЊЕ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА ИЛИ ШТЕТИТЕ НА SMART СОГЛАСНО ОВАА ЛИЦЕНЦА СЕ ТОЛКУВА, ОСВЕН ВО КОРИСТ НА SMART, ИСТО ТАКА И ВО КОРИСТ НА НАБАВУВАЧИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ЛИЦЕНЦИ, ВРАБОТЕНИТЕ И ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ НА SMART И БЕЗ ДА СЕ ОГРАНИЧУВААТ КОИ БИЛО ДРУГИ ОГРАДУВАЊА КОИШТО МОЖЕ ДА ГИ ИМААТ НАБАВУВАЧИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ЛИЦЕНЦИ, ВРАБОТЕНИТЕ И ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ, КРАЈНИОТ КОРИСНИК

СЕ СОГЛАСУВА ДА ГИ ОСЛОБОДИ ТИЕ СТРАНИ ОД ОДГОВОРНОСТ ИЛИ ШТЕТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ТАА ВЕРЗИЈА, ОДРЕКУВАЊЕ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА ИЛИ ШТЕТИ ДО ИСТИОТ СТЕПЕН ДО КОЈ ТИЕ ОДРЕДБИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА SMART.

**13. ОПШТО:**

13.1 **Доверливост.** Крајниот корисник потврдува дека софтверот содржи доверливи информации на SMART и/или неговите набавувачи и издавачи на лиценци. До степен до кој крајниот корисник има пристап до некоја таква информација; крајниот корисник е согласен да ги користи таквите информации за овластена употреба на лиценцираниот производ и софтверот. Крајниот корисник понатаму е согласен да не открива такви доверливи информации на кое било друго лице и да ги заштитува таквите доверливи информации до истиот степен како што ги заштитува своите доверливи информации, но не со понизок степен на внимание од она што е разумно. Софтверот лиценциран согласно со оваа лиценца, исто така, се смета за доверлива информација и, освен како што овде посебно се дозволува, не се објавува на трето лице.

13.2 **Издавање на судски налог.** Крајниот корисник потврдува дека, во случај крајниот корисник да прекрши некоја од одредбите од оваа лиценца, SMART нема соодветен правен лек во пари или надомест на штети. SMART за таа цел има право да обезбеди судски налог во врска со тоа прекршување од кој било надлежен суд, веднаш по барањето без да се положи гаранција. Правото на SMART да обезбеди судски налог не го ограничува неговото право да бара понатамошни правни лекови.

13.3 **Пренос.** Крајниот корисник не смее да ја пренесе оваа лиценца или кои било други права дадени подолу на крајниот корисник (според законот или поинаку) без претходна писмена согласност од SMART што може неразумно да се одложува. За целите на овој дел, пренос или трансфер вклучува каква било промена во мнозинската сопственост или контрола на крајниот корисник, вклучувајќи спојување или друг пренос на хартиите од вредност со право на глас. SMART може да ја пренесе оваа лиценца без согласност од крајниот корисник. Согласно претходно наведеното, оваа лиценца е обврзувачка и ја утврдува корист на договорните страни и нивните соодветни правни застапници, наследници или одобрени правни наследници.

13.4 **Измени и дополнувања.** Никакви измени и дополнувања на оваа лиценца не се обврзувачки, освен доколку се во писмена форма и се потпишани од овластен претставник на договорната страна која бара спроведување на измените и дополнувањата.

13.5 **Јазик.** Секој превод на оваа лиценца се врши за локалните потреби, и во случај на разлики меѓу англиската и неанглиската верзија, преовладува англиската верзија на оваа лиценца.

13.6 **Важечко законодавство.** Оваа лиценца е регулирана со законите на провинцијата Алберта, Канада. Исто така, до степен дозволен со важечкото законодавство, страните неотповикливо се согласуваат дека какви било спорови во врска со оваа лиценца, софтверот, лиценциран производ или ограничен производ ќе бидат изведени пред провинциските судови во провинцијата Алберта или сојузните судови на Канада, во зависност од случајот. Крајниот корисник се согласува дека тој нема да изразува никакво тврдење дека крајниот корисник не е предмет на надлежностите на тие судови, дека местото не е соодветно, дека форумот е неподобен или други слични приговори, тврдења или аргументи. Оваа лиценца не е регулирана со Конвенцијата на Обединетите Нации за договорите за меѓународна трговија со стоки чијашто примена е недвосмислено исклучена.

13.7 **Целосна лиценца.** Оваа лиценца претставува целосно разбирање и лиценца на страните и ги заменува сите претходни или тековни репрезентации, преговори, тендерски документации, понуди, разбирања и лиценци меѓу страните во врска со предметот на оваа лиценца. Доколку некоја одредба од оваа лиценца се смета за неважечка, останатиот дел од оваа лиценца продолжува да се применува целосно и ефикасно.

13.8 **Одрекување од правата.** Доколку некоја договорна страна не применува одредено право дадено овде, тоа нема да се смета за одрекување на таа страна од правото да го применува тоа право или кое било друго право во иднина.

13.9 **Виша сила.** Доколку некоја договорна страна не ги исполни своите обврски, тоа нема да се смета за прекршување на оваа лиценца доколку се работи за пожар, војна, граѓански немири, терористички напади, владини регулативи, природни несреќи или други причини надвор од разумната контрола на договорната страна што тврди постоење на виша сила.

13.10 **Прашања.** Доколку крајниот корисник има некои прашања во врска со оваа лиценца или ако крајниот корисник сака да контактира со SMART од која било причина, ве молиме пишете на:

SMART Technologies ULC
3636 Research Road NW
CALGARY, AB CANADA T2L 1Y1

13.11 **Повратни информации.** Доколку крајниот корисник достави до SMART какви било предлози, коментари или повратни информации (вклучувајќи модификации или предложени модификации на која било компонента од софтверот, лиценциран производ или друг SMART-производ) во врска со софтверот, лиценциран производ или друг SMART-производ, SMART нема да ги смета за доверливи и може слободно да ги користи за секакви цели, без каков било надомест, потврда или каква било обврска кон крајниот корисник.

13.12 **Известувања.** Крајниот корисник ги испраќа известувањата до SMART на адресата погоре, или на друга адреса за којашто крајниот корисник ќе биде известен од SMART и се испраќаат со назнаката „За: Правен сектор“. Известувањата до крајниот корисник во врска со, без ограничување, надградби или ажурирања на софтверот или на оваа лиценца, ја обезбедува SMART преку a) испраќање на истите преку е-маил или деловна адреса до крајниот корисник, или е-маил адреса или деловна адреса за којашто крајниот корисник го известил SMART последен пат, или b) доставување известување до програмата за ажурирање на SMART-производот, до која се доаѓа преку делот „Проверка за ажурирања“, во табулаторот на менито „Помош“.

13.13 **Јавно објавување.** Во врска со лиценцата(ите) дадени овде, SMART може да ја идентификува организацијата којашто поседува лиценца во целосно или делумно објавени списоци на корисници на SMART.

13.14 **Важечки обврски.** Обврските наведени во Деловите 2.3 (b), (e), (f), (g), (h), и (i), 6, 7, 8, 10, 11, 12, 13.1, 13.2, 13.6, 13.11, 13.12, 13.13 и во овој 13.14 ќе го надминат раскинувањето на оваа лиценца од која било причина.

SMART и брендовите поврзани со SMART се трговските марки на SMART Technologies ULC или нејзини филијали и може да се регистираат во САД и други судови. Други брендови, логоа и марки се заштитни марки на нивните поединечни сопственици.

© 2010, SMART Technologies